# Почитувани читатели,

Брошурата која ја имате во вашите раце ја подготвивме со цел да ве информираме за сериозноста на семејното насилство.

Феноменот семејно насилство го следи човекот, односно човештвото со неговото вековно постоење. Тоа не може да се поврзе само со една нација, култура, раса, вера или друго општествено обележје.

Пред само десетина години, семејното насилство во нашата земја се сметаше за приватна работа која се случува зад затворените врати на домот. Ниту некој се интересираше, ниту пак некој се зафаќаше со решавање на проблемите на тепаните, на омаловажуваните, без право на глас и свој избор, на илјадниците жени кои со преоѓањето на куќниот праг зачекоруваат во атарот на пеколот - во кругот на семејното насилство.

Во страниците кои следат имате можност да се запознаете со основните податоци од студијата „Живот во сенка", кои се однесуваат на утврдување на темната бројка на семејното насилство врз жените и неговите карактеристики. Овие податоци се добиени врз основа на анкетирање спроведено на примерок од 1432 испитанички - полнолетни лица од женски пол, со опфаќање на 21 урбани и 27 рурални населби. Наедно, презентирани се системите за заштита, односно начинит и формите за решавање на овој вид на насилство во нашата земја.

И сосема на крај презентирани ви се пријавените случаи на семејно насилство во институциите кои имаат законски мандат да постапуваат по семејното насилство.

Искрено се надеваме дека публикацијата ќе придонесе јавноста повеќе да се запознае со ова општествено зло и дека истата ќе претставува поттик за препознавање и пријавување на овој вид на насилство, како и давање безрезервна поддршка на оние на кои им е најпотребна-жртвите на семејно насилство.

*Здружение за еманципација,*
*солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ*



# Семејното насилство во нашата држава – темна бројка

Трите вида на семејно насилство врз жените се широко распространети на нашите простори. Секоја втора жена во Република Македонија е жртва на психолошко насилство. Секоја шеста жена го претрпела физичкото насилство, додека секоја десетта го искусила сексуалното насилство.

## *Пријавено насилство во 2006 година*




Највисок пријавен обем на насилство е кај психолошкото насилство  со 56.4%. Помалку, поточно 17.7% од жените, пријавија дека се жртви на физичко насилство, а најмалку 10.6%,  пријавија дека им бил нарушен сексуалниот интегритет.

# Психолошко насилство

## *Секоја втора жена е жртва на психолошко насилство*

Психолошкото насилство врз жената, ги опфаќа контрола на движењето и контактите на жената, љубомора или посесивност, како и однесувања кои предизвикуваат емоционални или психички маки и страдања на жената.

Секоја втора жена е жртва на некој од подобличите на овој вид на насилство. Најчест облик на психолошко насилство во нашата земја е контролата на движењето и на контактите што ги остварува жената. Како жртва на овој облик на психолошко насилство се јавува секоја трета (36.5%). Втор по застапеност облик на психолошко насилство е оној преку кој до израз доаѓа доминацијата на мажот и инфериорната положба на жената во семејството, односно „неговиот збор (мажот) треба да е последен„ (28%). Секоја четврта жена (25.6%) пријавила дека сопругот/партнерот се однесува лошо кон неа или пак е претерано љубоморен (23,5%).





*Уште на почетокот тој ја покажа својата љубомора и посесивност. Меѓутоа, мене не само што не ми пречеше тоа туку и ми импонираше, затоа што мислев дека е израз на неговата љубов кон мене. Уште првите денови од бракот ми даде до знаење дека е алергичен на секој вид козметика, дека впрочем на една пристојна и мажена жена не и ни доликува да се шминка како некоја глумица или боже прости ми ороспија. Премногу вљубена ништо не реков и ја премолчев таа негова изјава, го направив всушност првиот погрешен чекор кон спасот на нашата среќа. Не требаше многу и долго време за тој да си ги земе сите слободи и права над мене, над моите мисли, над моето расположение, над моето однесување. Не сакаше да излегуваме како порано, му пречеа телефонските разговори со моите родители, роднини, пријателки. За сите нив имаше по некое погрдно име, а најмногу за мене. Првин бев овца, потоа коза, па гуска, павијанка - брзо напредуваше мојата еволуција но никако да станам тоа што всушност бев. Се што ќе речев не чинеше, се што ќе направев нечинеше. Од ден-на ден тој се претвораше во олицетворение на совршенството а јас во олицетворение на глупоста, на несвретноста, на неспособноста. И навистина почнав да станувам таква... Никогаш не ме удрил. Тој само ограбуваше дел по дел од мене. Делови кои сега сакам, очајно сакам да си ги повратам, да си ги составам, да продолжам нормално да живеам.*

# ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО

## *Секоја петта жена е жртва на физичко насилство*

Физичкото насилство како највидлива форма на семејното насилство, подразбира употреба на физичка сила од страна на насилникот врз жртвата вклучувајќи ги и заканите за употреба на сила.

Овој облик на насилствово нашата земја најчесто се изразува преку шлаканиците (87.5%), заканите за употреба на физичка сила (70.1%), зграпчувањето и туркањето (63.9%). Но, физичкото насилство е изразено и низ многу тешки облици како клоцање, гризење, попарување итн.

Зачестеноста на поединечното манифестирање на физичкото насилство, ја прави оваа појава потешка и по опасна. Жените жртви во нашата земја биле жртви на повеќекратно физичко насилство. Најмногу, секоја четврта жена, посочила дека еднаш до два пати била физички нападната во рамките на нејзиното семејство. Речиси, секоја петта жена (18.9%) пријавила физичко насилство над 20 пати.



*Многу ми бил животот пеколен. Кога ќе ме тепа со стап, кога со клоци, кога со боксови, ќе ме фатеше за коса, главата од ѕид ќе ми ја удираше, морав да клекнам на колениции за да го молам, за да попушти. Животот таков ми беше скоро 15-16 години. Знаеше да фрла по станот, да крши. Цело време живеевме под стрес и под тензија. Во моментот знаеше да го смени расположението. Да заѕвони телефонот тој е веќе вознемирен. На колениции ќе клечи, те молам тоа веќе нема да се потвори. Но, само еден месец, по еден месец истата песна. Ги трпев сите последици, да не направам срам, да не речат децата мајка ни оди од маж на маж. Не го направив тоа. Заради тоа останав со него. Животот ми беше пеколен. Почна во 5 изутрината. Стана и го бркаше детето да си оди. Јас му реков: Ако си оди моето дете, си одам и јас. Си одам и јас од овде, па еве ти куќа и живеј. А тој го зел ножот без да го видам, кујнски голем нож, го зел и го скрил зад себе. Јас мислам како и друг пат дека само ќе ме удри. Но, кога го видов дека со ножот сака да ме погоди директно во срце, се настранив и место во срце ме погоди во стомак. Почнав да крвавам, ја затвори вратата и не ме пушташе за да искрвавам до смрт. Го фати и детето за рака, го вртеше ножот за да го убоде и детето. Обид за убиство кон двајца! Јас не знам како може таков убиец да шета на улица, само тоа не ми е јасно...*



# Сексуално насилство

## *Секоја десета жена е жртва на сексуално насилство*

Сексуалното насилство подразбира присилување на сексуален однос или друг вид сексуална активност. Доминантен облик на сексуално насилство е несаканиот сексуален однос. Него го пријавиле 85.5% од жените жртви. Понижувачкиот сексуален однос е пријавен во 6,6%, а силувањето во 3,9% случаи. Најмалку се застапени подведувањето и присилно гледање на порнографски филмови. Иако овие последни облици на семејно насилство се малку застапени (вкупно 13.8%), тие во својата суштина претставуваат тешки нарушувања на достоинството на жената.

Жените се уште се недоволно подготвени да говорат за сексуалното насилство, на што укажува податокот дека секоја трета жена (32.6%) не одговорила на поставеното прашање за зачестеноста на овој вид на насилство. Најмногу, (27.8%) од жените посочиле дека, сексуалниот интегритет - им бил нарушен од три до десет пати во рамките на семејството. Многу индикативен е податокот, според кој, 13.2% од жените прјавиле сексуално насилство над 20 пати.



Загрижува ниското ниво на пријавување на сексуалното насилство, особено ако знаеме дека, дури 43,0% од жртвите на насилство изјавиле дека после физичкото насилство често следел сексуален однос, кој секако не бил доброволен. Ова говори дека жените едновремено се изложени на физичко и на сексуално насилство, и дека во реалноста сексуланото насилство е далеку позастапено од она што жените го пријавија (10.6%).

*Ќе почнеше демек да се извинува што не запоставува и мене и детето, демек ќе се промени, само малку да се стрпам, или ќе избувне, па сето тоа ќе се завршеше со... не беше тоа водење љубов, туку силување. По тоа се чувствував уште помизерно.*

*Не можев да внесувам храна доволно колку што ми треба. Почнав да повраќам во нервоза. Тахикардиите станаа секојдневни. Неколку пати морав да одам на дежурен лекар за проблеми со срцето. После една таква нервоза мораше да викне итна помош бидејќи се онесвестив. Цела ноќ ме држеше стиснато во себе, се извинуваше и рече дека никогаш повеќе нема да се повтори. Меѓутоа работите се повторија по неколку дена.*

*Ќе се налутев, ќе му речев ќе те оставм, не можам веќе. Добро, ќе ме видеше дека сум на крај, дека викам, дека лексилиуми пијам со години, од утре ништо не ти зборам, ништо не ти правам. Тоа траеше два – три дена.*



## ПОСЛЕДИЦИ ОД СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО – ПОСЛЕДЕН ИНЦИДЕНТ

### *Видови на повреди*

За време на последниот инцидент на семејно насилство - 58% од жените-жртви на семејно насилство биле физички повредени.

Насилството врз жените резултира со разни видови на физичи повреди, од полесни до многу тешки. Најчест облик, или поточно, последица од физичкото насилство се модринките по телото на жената. По зачестеност, следат посекотините и убодните рани. Гледано во целина, жените се жртви и на потешки облици на физичко насилство, како што се скршеници итн.

Независно од повредите со кои се здобиле жените и потребата од лекарска помош, тие не се обраќале за помош, самите се лекувале, поради страв од насилникот или срам од околината поради насилството што го трпат.Само 23,1% од жртвите на насилство побарале медицинска помош. Од жените што се обратиле за помош, секоја трета (34,0%) била задржана на болничко лекување.

Пријавените повреди биле манифестирани на следниот начин:

- Модринки 46.1 %
- Посекотини 14.2 %
- Убодни рани 11.2 %
- Паѓање во несвест 8.3 %
- Скршеници 3.5 %
- Повреда на око 3.5 %
- Кршење заби 2.5 %
- Изгореници 1.7 %



## Влијанието на насилството врз жртвите

Жените тешко го поднесуваат животот во услови на  насилство. Стравот, губењето на самодовербата, депресијата и несоницата, се најчестите последици од насилничкото однесување врз жените. Но, има и други последици кои се релативно високо застапени. Тое се состојби што влијаат врз сигурноста на жената и создаваат несигурна личност. Со тоа им се намалува способноста да реагираат и да се спротивстават на насилникот. Во некои случаи насилството предизвикало и одредено психичко заболување.

**Влијание на насилството**

- Страв 22.9 %
- Губење насамодовербата 16.7 %
- Депресија 16.0 %
- Нарушување на сонот 14.2 %
- Психички тешкотии 12.0 %
- Психички заболувања 10.2 %
- Одбивање на контакти, изолација 8.0 %

## Соочување со насилството

Соочувањето со насилството, за одреден број на жени не е можно без  соодветна помош изразена преку земање медикаменти, прекумерно пушење и прекумерно земање храна. Соочувањето со насилството, жените го прават најчесто преку земањето на медикаменти, во поголем  број случаи без лекарска консултација. Најредок механизам за одбрана од насилството е прекумерното земање храна.

## Влијанието на насилството врз РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ на жртвите

Секоја трета жена се пожалила на неспособност за концентрирање, како резултат на насилството што го трпи, а секоја петта жена неспособност за работа. Практично, на две третини од жените - жртви насилството влиаје врз нивната работна способност. Тоа е сериозен индикатор кој укажува на тежината на овој вид на криминално поведение, особено за спектарот на последици  што ги остава врз животот и квалитетот на живеењето на жената.

Секоја четврта жена изјавила дека насилството не и влијаело за нарушување на нејзината работна способност.

## Насилството и децата

Кога се говори или се проучува насилството врз жените, особено кога е во прашање семејството, не може да не се спомене или да не се насочи вниманието и кон децата. Ова од причина што тие се нераскинливо поврзани, бидејки при постоење на насилство во семејството, без исклучок, децата се жртви - непосредни или посредни.

Во нашата држава повеќе од половината (58,3%) од жените - жртви изјавија дека децата биле присутни на насилството. Од нив дури 17,9% биле редовно присутни на насилството, 27,7% биле повремено присутни и ретко биле присутни 13,3% од децата на жените -жртви.

Секоја петта жртва ( 20,7%) се изјаснила дека насилството било насочено и кон децата. Во овој случај децата се директни жртви на насилството. Голем е процентот (11,5%) на жените кои одбиле да одговорат, што може да се толкува како индикатор дека децата во поголем обем биле жртви на семејно насилство.



# Прифатеност на вредности со патријархална содржина

## – како причина за појава и опстојување на семејното насилство

Традиционалните вредности, односно високата прифатеност на патријархалните вредности во бракот и семејството се основната причина за појава на семејното насилство во нашата земја. Степенот на прифатеност на овие норми и вредности е висок.

Па така, нормата "добрата сопруга го прифаќа мислењето на сопругот и тогаш кога не се согласува со него", прифатена е од 57.2% и може да се смета како групна норма на поведение. Најголемо изненадување, едновремено и најпоразително, е сознанието дека секоја трета жена (28.3%) прифаќа, односно го одобрува насилството врз жените - во определени случаи.

*Неговите родители на кои неколку пати им се пожалив не покажаа никакво разбирање за мене, за моето страдање, за мојот чемерен живот.*

*- Маж е велат. Има право и да се напие и рака да крене.*

*Моите родители исто така.*

*- Си го сакаше си го зеде велат тие. А и не си само ти и други во селото го имаат тој проблем, па ниту се жалат некому, ниту прават трагедии од тоа.*



### Добрата сопруга го почитува мислењето на својот сопруг, дури и кога не се согласува со него

Оваа норма е најприфатлива за жените од нашата држава, споредена со сите останати вредности. Секоја втора жена се согласува со ваквото мислење - 57.7%.

### Важно е мажот да и покаже на својата сопруга кој е главен во семејството

Ова е една од традиционалните семејни вредности, според која мажот е позициониран во врвот на семејството (со прифатеност од 43.8%). Поконкретно, важно е мажот да и покаже на жената кој е главен во семејството. Прифаќањето на оваа норма, за жената автоматски значи и прифаќање на инфериорна положба во семејството, односно патријархален модел на уредување на семејните односи, каде што доминира мажот.

### Должност на жената е да води љубов со својот сопруг дури и кога не сака

Оваа норма ги регулира односите меѓу партнерите во сексуалната сфера, со прифатеност од 29.8%. И кај неа доаѓа до израз доминантната позиција на мажот и подредената положба на жената. Подреденоста на жената во сексуалната сфера помалку е прифатлива за помладите а повеќе за постарите испитанички.

### Дали мажот има добра причина да ја удри жената

Жените го оправдаат физичкото насилство од страна на мажот, со прифатеност од 28.3%. Како причини којшто го оправдуваат таквото однесување на мажот најчесто беа наведени: незадоволен од завршените домашни работи, таа не го послушала, сомневање во неверство на жената и доколку била неверна.

# Системи за заштита

**Во Република Македонија семејното насилство е дефинирано на следниот начин:**

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

*Со самото дефинирање на поимот семејно насилство се напушта стојалиштето што го имаше Република Македонија до донесувањето на Кривичниот законик, според кој семејното насилство претставува проблем на семејството. Тоа значи дека семејното насилство претставува државен проблем и државата е таа што треба да ги преземе сите мерки и параметри за успешно справување со проблемот на семејното насилство.*

**Стојан Михов, судија, *документарен филм "Живот во сенка",* ЕСЕ, 2007**



Регулирањето на семејното насилство во позитивното законодавство ја вброи Република Македонија во редот на држави која, покрај задолжителното обезбедување на сигурноста и потребната заштита на жртвата на семејно насилство, воведе и комплементарна правна заштита на жртвите во овие случаи. Државата го санкционира насилничкото однесување на насилникот и изрекува привремни мерки за заштита од насилството, преку забранување и налагање на одредено однесување на насилсникот.

## *Мерки за заштита*

Обезбедување на сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, односно помош за надминување на последиците од доживеаното насилство, како и создавање на услови за нејзина интеграција во социјалната средина, се основните услови кои треба да се задоволат при преземањето на мерките за заштита.

**Мерките за заштита се превземаат од страна на Центрите за социјална работа и граѓански организации кои обезбедуваат директни услуги за жртвите на семејно насилство:**

- обезбедува нужно сместување за лицето-жртва на насилство, кое може да трае најмалку 6 месеци, со можност за продолжување за уште 6 месеци;
- обезбедува соодветна здравствена заштита;
- обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;
- ги упатува во соодветно советувалиште;
- доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;
- го известува органот за прогон;
- дава секаков вид на правна помош и застапување;
- покренува постапка пред надлежниот суд;
- по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита и
- презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

## *Правни системи за заштита*

Во ниту еден случај законските решенија предвидени во двата правни ситеми (граѓанскоправен и казненоправен) за заштита не треба да се применуваат на штета на едниот, односно на другиот. По својата содржина и пред се цел за кои се изградени/предвидени тие се комплементарни и само во таа смисла треба и да се применуваат.

## *Казненоправен систем на заштита*

Со измените на Кривичниот законик од март 2004 година беше воведена казненоправна заштита на жртвите на семејно насилство. Со нив за прв пат се дефинираше семејното насилство, и истото стана предмет на инкриминизација, преку инкорпорирање на соодветни решенија во веќе постоечките кривични дела содржани во овој закон.

Семејното насилство не е предвидено како ЕДНО посебно кривично дело, туку се санкционира преку инкриминирање на негови поединечни облици под постоечките кривични дела.

Со кривичните дела против животот и телото се санкционира: лишувањето од живот, оштетувањето или нарушувањето на телесниот интегритет, предизвикувањето телесно или душевно заболување (телесна повреда и тешка телесна повреда). Ова се инкриминираните облици на физичко насилство.

Со кривичните дела против слободите и правата на човекот се санкционираат: присилбата, противправно лишување од слобода и загрозувањето на сигурноста.

Со кривични дела против половата слобода и половиот морал се санкционираат:силувањето, обљубата врз немоќно лице, полов напад врз дете и посредување во вршење проституција.

Главна карактеристика на казненоправниот систем е построгата казнена политика во однос на семејното насилство. Таа се манифестира во пропишаните построги казни за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство и гонењето на овие кривични дела по службена должност. На овој начин, согласно со застапеноста, природата и последиците, семејното насилство се издвојува од останатите видови криминал.



## Граѓанскоправен систем на заштита - привремени мерки на заштита

Граѓанскоправниот систем за заштита се заснова на предвидените мерки/ привремени мерки за заштита предвидени со реформите на семејното законодавство од 2004 година.

*Привремените мерки за заштита треба да се главниот механизам којшто ќе ги штити жртвите. Нивното значење е во тоа да му се укаже на насилникот или на потенцијалните насилници дека тоа што го прават е незаконски и се казнува.*

**Сузана Велковска, Министерство за труд и социјална политика, документарен филм "Живот во сенка", ЕСЕ, 2007**

Основно е овие привремени мерки за заштита да овозможат непосредна и брза помош на жртвата. Но, како што веќе е забележано, нивната примена во голема мера зависи од ескалацијата, односно од обемот и видот на насилството. Така, доколку постои сериозна повреда или серија од инциденти придружени со зголемен интензитет, привремените мерки за заштита и кривичното гонење заедно можат да постигнат најефикасни резултати.

Содржината на различните видови привремени мерки за заштита овозможува задоволување на различните видови потреби за заштита, независно дали се работи за нивно индивидуално или кумулативно изрекување. Притоа, дел од нив имаат забранувачки карактер (забрануваат одредено однесување на насилсникот), а останаатите имаат императивен карактер (наредуваат одредено однесување на насилникот).

**Привремени мерки за заштита кои можат да се изречат од страна на судот се:**

- забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
- забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
- забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
- одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;
- забрани да поседува огнено или друго оружје, или истото да му биде одземено;
- го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
- изрече задолжително издржување на семејството;
- нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;
- нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции, или има некое заболување;
- го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и
- изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.



# Институционален одговор

## Пријавување на семејното насилство

### Центар за социјална работа

Центарот за социјална работа има доминантна улога во заштитата на жртвите на семејно насилство, преку превземањето на мерките за заштита и предлагање на привремените мерки на заштита кои се изрекуваат од страна на судот.

Во периодот од јуни 2005 - јуни 2006 во Центрите за социјална работа вкупно биле пријавени 839 случаи на семејно насилство. Просечно, секој месец, во Центрите за социјална работа се пријавуваат 70 случаи на семејно насилство.

Доминираат жените како жртви на семејно насилство, при што се евидентирани во 93,11% и мажите со 6,89% од пријавените случаи. Насилството најчесто го пријавиле самите жртви, и тоа во повеќе од половина од вкупно пријавените случаи (487).

### Полиција

Министерството за внатрешни работи, односно органите за внатрешни работи во текот на 2005 година имаат евидентирано 215 кривични дела за кои се поднесени кривични пријави, 1202 прекршоци и 3750 поплаки на семејно насилство. Во текот на 2006 година, во врска со семејното насилство регистрирани се 258 кривични дела, 965 прекршоци, а постапувано е и по 2650 поплаки.

За сериозноста и интензитетот кои семејното насилство ги има пред се врз жените, говори и податокот од полицијата, според кој, семејното насилство извршено врз женски лица е високо застапено во вкупниот криминалитет извршен врз женски лица и тоа 61% во 2005 година, 63% во 2006 и 52% за првото полугодие од 2007. Од друга страна, пак, семејното насилство извршено над женски лица во вкупно регистрираниот криминалитет е застапено со 18% во 2005 година, 19% во 2006 година и 26% во првото полугодие од 2007 година. Ваквата стапка на застапеност на семејното насилство во вкупниот криминалитет е повисока доколку се земе предвид дека наведените проценти се однесуваат на евидентираните предмети во кои како жртва се јавува жената[1].

1 Извор: Информација од Министерство за внатре{ни работи доставена до ЕСЕ за потребите на изготвување на студија ‘‘ Семејното насилство и неговата поврзаност со малото и лесно орудие’’ од страна на Организацијата за развој на Обединети Нации - УНДП, односно Агенцијата за контрола и намалување на малото и лесно оружје во Југо-источна Европа.

## Основни јавни обвинителства

Основните јавни обвинителства евидентирале 276 кривични пријави што биле доставени до нив. Од нив, обвинителството до судот има поднесено 238 обвинителни акти. Ова значи дека од поднесените кривични пријави ОЈО процесуира 86% од нив до судот.

## Кривични постапки пред судовите

Основните судови имаат постапувано по вкупно 311 обвинителни акти, од кои 257 се однесуваат на кривичните дела против животот и телото (физичко насилство), 40 за кривичните дела против слободите и правата на човекот (психолошко насилство) и 14 во однос на кривичните дела против половата слобода и половиот морал (сексуално насилство)..

## Привремени мерки за заштита

Од вкупно утврдените случаи (183) во кои имало потреба за изрекување на мерките, Центарот до судот поднел 58 барања, односно на секоја трета жртва и било овозможена заштита од овој вид.

Во текот на една година, до судовите во Македонија поднесени се 41 барање за изрекување на привремени мерки.

Евидентно помал е бројот на мерки изречени од страна на судот, по разгледување на барањата. Имено, од вкупно 105 предложени мерки изречени се 80 или 76%.